ПОЧИТУВАНИ...

СЕКОЈА ОПШТИНА СЕ СТРЕМИ КОН ТОА ДА БИДЕ УСПЕШНА, А СЕКОЈА УСПЕШНА ОПШТИНА,НА КРАЈОТ ОД ГОДИНАТА ГИ СУМИРА СРАБОТЕНИТЕ ПРОЕКТИ ВО ПРЕТХОДНАТА ГОДИНА И ПРОЕКТИРА ПЛАНОВИ СО КОИ НАСТОЈУВА ДА БИДЕ УШТЕ ПОУСПЕШНА ВО ИДНАТА ГОДИНА. УСПЕШНОСТА, ПАК, Е КРИТЕРИУМ, КОЈ ГО МЕРИМЕ СПОРЕД РЕАЛИЗИРАНИТЕ ПРОЕКТИ И НИВНИТЕ БЕНЕФИТИ ЗА ЗАЕДНИЦАТА И НЕЈЗИНИТЕ ГРАЃАНИ.

ИАКО, И ГОДИНАВА СЕ СООЧУВАВМЕ СО ГЛОБАЛНАТА ЕКОНОМСКА КРИЗА, ТЕШКА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА, ОБРЕМЕНЕТИ ДОПОЛНИТЕЛНО СО МАЛИТЕ МОЖНОСТИ ЗА ИЗВОРНИ ПРИХОДИ И ЕТИКЕТАТА НА НЕРАЗВИЕН РЕГИОН, СЕПАК СМЕТАМ ДЕКА КРИВА ПАЛАНКА ЗАСЛУЖЕНО ГОДИНАВА МОЖЕ ДА СЕ НАРЕЧЕ УСПЕШНА ОПШТИНА. ИЛИ, СО ОГЛЕД НА ОКОЛНОСТИТЕ, ДУРИ И ПОВЕЌЕ ОД УСПЕШНА, ЗАТОА ШТО НА ПРЕДИЗВИЦИТЕ СЕ СПРОТИВСТАВИ СО РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОЛЕМ ДЕЛ ОД ПРЕДВИДЕНИТЕ ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ И ПЛАНОВИ.

ЈАС КАКО ГРАДОНАЧАЛНИК, ПАК, ОСОБЕНО СУМ ЗАДОВОЛЕН, ШТО ОВАА 2012 ГОДИНА, БЕШЕ ГОДИНА ВО КОЈА СЕ ОСТВАРИЈА ИЛИ ЗАПОЧНАА ДА СЕ РЕАЛИЗИРААТ ГОЛЕМ БРОЈ ПРОЕКТИ, МЕЃУ КОИ И ПОВЕЌЕ КАПИТАЛНИ, ЗАЦРТАНИ ВО МОЈАТА ИЗБОРНА ПРОГРАМА, А ДАДЕНИ КАКО ВЕТУВАЊЕ ПРЕД ГРАЃАНИТЕ, КОИ МИ ГО ДОВЕРИЈА РАКОВОДЕЊЕТО СО ОПШТИНАТА. ЗА ОВА ГОВОРАТ НЕ САМО БРОЈКИТЕ, ТУКУ И ВРЕДНОСТА НА ЕФЕКТУИРАНИТЕ СРЕДСТВА, КОИ СЕ РЕГИСТРИРАНИ КАКО ДЕЛ ОД БУЏЕТСКИТЕ ПРИХОДИ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА.

БИ ЗАПОЧНАЛ СО ПРОЕКТИТЕ ШТО СЕ РЕАЛИЗИРААТ СО ЈАВНО-ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО, НЕ САМО ЗАТОА ШТО СЕ УСПЕШЕН ЕВРОПСКИ МОДЕЛ ПО КОЈ СМЕ ПОЗНАТИ КАКО ЛИДЕРИ ВО ДРЖАВАТА, ТУКУ И КАКО НАЧИН ОПШТИНАТА ДА ЗАБЕЛЕЖИ РЕКОРДНИ ПРИДОБИВКИ, БЕЗ ДА ВЛОЖУВА ИЛИ МНОГУ МАЛКУ ДА ИНВЕСТИРА СОПСТВЕНИ СРЕДСТВА. ГОДИНАВА ЗАПОЧНАВМЕ СО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНО-ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО ЗА ИЗГРАДБА НА МИНИ ХИДРОЦЕНТРАЛИ НА ДОВОДНИТЕ ЦЕВКОВОДИ ОД КАЛИН КАМЕН И СТАНЕЧКА РЕКА. ПРИВАТНИОТ ПАРТНЕР „ХИДРО ОСОГОВО“ НЕ САМО ШТО ЌЕ ВЛОЖИ ОКОЛУ 2,5 МИЛИОНИ ЕВРА ЗА ИЗГРАДБА НА 4 ХИДРОЦЕНТРАЛИ, ТУКУ ВОЕДНО ЌЕ ИЗГРАДИ И НОВ ВОДОВОД ОД КАЛИН КАМЕН, ШТО ВИДНО ЌЕ ГО ПОДОБРИ ВОДОСНАБДУВАЊЕТО НА ГРАЃАНИТЕ И КВАЛИТЕТОТ НА ВОДАТА ЗА ПИЕЊЕ. ПОТРЕБАТА ОД ИЗГРАДБАТА НА НОВИОТ ВОДОВОД СЕ НАМЕТНА ЗАРАДИ ОПТИМАЛНО, ОДНОСНО ЗГОЛЕМЕНО ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА, ШТО ЌЕ ЗНАЧИ И ПОГОЛЕМИ ПРИХОДИ ЗА ПРИВАТНИОТ ПАРТНЕР И ЗА ОПШТИНАТА. ПРИВАТНИОТ ПАРТНЕР СЕ СОГЛАСИ ДА ВЛОЖИ ДОПОЛНИТЕЛНИ 500.000,00 - 750.000,00 ЕВРА ЗА ПРОМЕНА НА ЦЕВКОВОДОТ СО НАЈСОВРЕМЕНИ

СТАКЛЕНО-ПЛАСТИЧНИ ЦЕВКИ СО РОК НА ТРАЕЊЕ НАД 100 ГОДИНИ, А НА ГОДИШНО НИВО, ПО ОВАА ОСНОВА, ВО ОПШТИНСКАТА КАСА ЌЕ СЕ СЛЕВААТ ОКОЛУ 50 000- 60 000 ЕВРА. ДВОЈНИОТ БЕНЕФИТ ОД ОВОЈ НОВ ИЗВОР НА ПРИХОДИ, ПАК, Е ТОА ШТО НИ ДАДЕ МОЖНОСТИ ЗА МНОГУ ПОВОЛЕН КРЕДИТ ОД СВЕТСКАТА БАНКА ВО ВРЕДНОСТ ОД ОКОЛУ 51,5 МИЛИОНИ ДЕНАРИ, НАМЕНЕТИ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА И ИЗГРАДБА НА УЛИЦИ И ЗА НАБАВКА НА ОПРЕМА ЗА КОМУНАЛЕЦ, БЕЗ ПРИТОА ДА СЕ СООЧУВАМЕ СО РЕСТРИКЦИИ ВО БУЏЕТСКИТЕ ПРОЕКЦИИ ИЛИ ДИЛЕМИ КАКО ДА ГИ ВРАТИМЕ ОВИЕ СРЕДСТВА. ГОДИШНИОТ АНУИТЕТ, ЗАЕДНО СО КАМАТАТА ИЗНЕСУВА ОКОЛУ 45 000 ЕВРА,ШТО Е И ПОВЕЌЕ ОД ДОВОЛНО ЗАДОЛЖУВАЊЕТО ДА ГО ПОДМИРУВАМЕ ОД ПРИХОДИТЕ КОИ ЌЕ ГИ ДОБИВАМЕ ОД ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА ХИДРОЦЕНТРАЛИТЕ.

КАКО ГРАДОНАЧАЛНИК, САКАМ ДА ИСТАКНАМ, ДЕКА НЕ ДОЗВОЛИВ ДА СЕ ВПУШТАМ ВО НЕСИГУРНИ ЗАДОЛЖУВАЊА БЕЗ ПОКРИТИЕ, КАКО ШТО ТОА БЕШЕ СЛУЧАЈ ПРЕТХОДНО КОГА НИ БЕА НАТОВАРЕНИ ДОЛГОВИ ОД 650 000 ЕВРА, БЕЗ ДА ИМА РЕШЕНИЕ ЗА НИВНО РАЗДОЛЖУВАЊЕ. ЈАС ЗА РАЗЛИКА ОД ПРТЕХОДНО ТОА ГО НАПРАВИВ, ОТКАКО ОБЕЗБЕДИВ ИЗВОР ЗА ПОКРИВАЊЕ НА НОВИОТ ОПШТИНСКИ ДОЛГ. ОД ОВОЈ КРЕДИТ, ПАК, 41 МИЛИОН ДЕНАРИ ЌЕ ВЛОЖИМЕ ЗА АСФАЛТИРАЊЕ И ИЗГРАДБА НА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА НА 9 ГРАДСКИ И ПРИГРАДСКИ УЛИЦИ И ИЗГРАДБА НА МОСТ КАЈ КУКОВ ДОЛ ЗА ПОВРЗУВАЊЕ НА НАСЕЛБАТА ЛОЗАНОВО СО ГРАДОТ, А 10, 5 МИЛИОНИ ДЕНАРИ СЕ НАМЕНЕТИ ЗА НАБАВКА НА ГРАДЕЖНИ МАШИНИ ЗА ЈП„КОМУНАЛЕЦ“.

ВТОР ПРОЕКТ ОД ОВАА СВЕРА Е ШТО ЈА ЗАПОЧНАВМЕ И РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ЈАВНОТО-ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО ЗА ГАСИФИКАЦИЈА НА ГРАДОТ, ЗА КОЈ ВЕЌЕ ИЗРАБОТИВМЕ ИЗВЕДБЕН ПРОЕКТ И ФИЗИБИЛИТИ СТУДИЈА, А ВО ТЕК Е И ТЕНДЕРСКАТА ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛЕН ПОНУДУВАЧ. УБЕДЕН СУМ ДЕКА И ОВОЈ ПРОЕКТ УСПЕШНО ЌЕ СЕ РЕАЛИЗИРА, А КРИВА ПАЛАНКА НАСКОРО ЌЕ СТАНЕ ПРВИОТ ГРАД КОЈ Е ГАСИФИЦИРАН НА ОВОЈ НАЧИН. ОВА НЕШТО ГАРАНТИРА СИГУРНО СНАБДУВАЊЕ СО ОВОЈ ЕНЕРГЕНС И ВИДНО НАМАЛУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ЗАТОПЛУВАЊЕ. ОВА Е ВЕЌЕ РЕАЛНОСТ И НИЕ КАКО ОПШТИНА ДЕЛУВАМЕ, ДОДЕКА ДРУГИТЕ СЕ УШТЕ РАЗМИСЛУВААТ И ПРАВАТ ПЛАНОВИ КАКО ДА ГО ИСКОРИСТАТ ГАСОТ.

ЈАВНОТО-ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО СЕ ПОКАЖА КАКО УСПЕШНО И ПРИ ИЗГРАДБАТА НА НОВИОТ АДМИНИСТРАТИВНО-ДЕЛОВЕН ОБЈЕКТ, КОЈ ВЕЌЕ ЈА ДОБИВА СВОЈАТА МОДЕРНА И СОВРЕМЕНА ФИГУРА. НЕМА СОМНЕНИЕ ДЕКА ОПШТИНАТА НАСКОРО ЌЕ ДОБИЕ НОВ ПРОСТОР ОД 475 МЕТРИ КВАДРАТНИ, БЕЗ ДА ВЛОЖИ НИТУ ЕДЕН ДЕНАР СОПСТВЕНА ИНВЕСТИЦИЈА, КОЈА ИНАКУ ЌЕ НЕ ЧИНЕШЕ НАД 550 000 ЕВРА. ЗНАЕЈЌИ ЈА ФИНАНСИСКАТА МОЌ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА, ЌЕ ЗНАЧЕШЕ ДЕКА И ПОНАТАМУ ЌЕ СЕ СООЧУВАВМЕ СО НЕДОСТИГ НА ФУНКЦИОНАЛНИ ПРОСТОРИИ ЗА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА.

ДРУГА КАПИТАЛНА ИНВЕСТИЦИЈА НА КОЈА СЕ АНГАЖИРАВМЕ ГОДИНАВА Е ИЗГРАДБАТА НА ГОЛЕМ БРОЈ ПРИОРИТЕТНИ И КРИТИЧНИ ДЕЛНИЦИ ОД ПАТНАТА ИНФРАСТРУКТУРА.

ПРЕКУ ВЛАДАТА НА РМ, СО ИНВЕСТИЦИЈА ОД ЕБОР, УСПЕАВМЕ ДА ОБЕЗБЕДИМЕ 409 000 ЕВРА, КОИ ВЕЌЕ СЕ ЕФЕКТУИРААТ ВО ИЗГРАДБА НА ДВА ПАТНИ ПРАВЦИ. СЕ РАБОТИ НА ИЗГРАДБА НА ДЕЛНИЦИТЕ КРИВА ПАЛАНКА- СЕЛО МАРТИНИЦА, ПРЕКУ СКРЉАВА И ЦОНЕВ РИД, ВО ДОЛЖИНА ОД 1130 МЕТРИ, КАКО И КРИВА ПАЛАНКА КОН СЕЛО МОЖДИВЊАК ПРЕКУ КОНПНИЦА, ОДНОСНО ОД ПОЧЕТОКОТ НА АСФАЛТОТ КАЈ БОРЧЕВА КАФЕАНА ДО КРАЈОТ НА АСФАЛТОТ.

ВО СЕЛО КОНОПНИЦА ДОПОЛНИТЕЛНО СЕ ИНВЕСТИРАШЕ И НА ИЗГРАДБА И АСФАЛТИРАЊЕ НА ДЕЛНИЦАТА ОД ДОМОТ ВО КОНОПНИЦА ДО ЦРКВАТА “СВЕТИ ТЕОДОР ТИРОН“ ВО ДОЛЖИНА ОД ОКОЛУ 1 КМ.

ВО ОВАА ГОДИНА ЈА ЗАВРШИВМЕ И ИЗГРАДБАТА НА ПАТОТ ДО СЕЛОТО СТАНЦИ, ВО ДОЛЖИНА ОД 4,5 КМ, ВО КОЈ СЕ ИНВЕСТИРАНИ 36 МИЛИОНИ ДЕНАРИ ОБЕЗБЕДЕНИ ОД СВЕТСКА БАНКА. НА ОВОЈ ПОТЕГ ДОБИВМЕ ЕДЕН ИСКЛУЧИТЕЛНО ВАЖЕН И КВАЛИТЕТЕН ПАТЕН ПРАВЕЦ.

СМЕТАМ ДЕКА СЕ НА СЕ, ЗАЕДНО СО ПОВЕЌЕ ДРУГИ ДЕЛНИЦИ НА КОИ ИНТЕРВЕНИРАМЕ, СО ОВАА ИНТЕНЗИВНА ГРАДБА ЗНАЧИТЕЛНО СЕ ПОДОБРУВА И ОЛЕСНУВА КОМУНИКАЦИЈАТА НА МЕСНОТО НАСЕЛЕНИЕ.

КОГА СМЕ КАЈ ИНФРАСТРУКТУРНАТА ИЗГРАДБА ЌЕ ЈА СПОМЕНАМ И РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА КОЈА БЕШЕ СО КОЦКА ГЛАВНАТА УЛИЦА, НА ЛОКАЛИТЕТОТ „СТАРА ЧАРШИЈА“. ОВОЈ ПРОЕКТ ГО РЕАЛИЗИРАВМЕ ПРЕКУ ПРОГРАМАТА„ФОРУМИ ВО ЗАЕДНИЦАТА“ КАДЕ ГРАЃАНИТЕ САМИ ОДЛУЧИЈА ДЕКА ОВА Е НИВНИОТ ПРИОРИТЕТ ОД НАЈГОЛЕМ ЈАВЕН ИНТЕРЕС, А НИЕ ГИ ПОДРЖАВМЕ И ДОБИВМЕ НОВ СОВРЕМЕН И АМБИЕНТАЛЕН ЛИК НА ОВОЈ ДЕЛ ОД ГРАДСКОТО ЈАДРО. ВРЕДНОСТА НА ОВОЈ ПРОЕКТ ИЗНЕСУВАШЕ 4,1 МИЛИОН ДЕНАРИ ОД КОИ 1,4 МИЛИОНИ БЕА ОБЕЗБЕДЕНИ ОД ШВАЈЦАРСКАТА АГЕНЦИЈА ЗА РАЗВОЈ И СОРАБОТКА, А ОСТАНАТИТЕ ОД ОПШТИНАТА.

КОЛКУ Е ЗНАЧАЈНА САМАТА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ОВАА ДЕЛНИЦА, БИ САКАЛ ДА ИСТАКНАМ ДЕКА ИСТО ТОЛКУ, АКО НЕ И ПОВЕЌЕ, ЗНАЧАЈНО Е И ТОА ШТО ОПШТИНАТА ГИ ВКЛУЧИ ГРАЃАНИТЕ ВО ОДЛУЧУВАЧКИОТ ПРОЦЕС НА ЛОКАЛНО НИВО. КАКО ЛОКАЛНА САМОУПРАВА СОЗДАДОВМЕ УСЛОВИ И ЈА ПОКАЖАВМЕ СВОЈАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ, ОДГОВОРНОСТ И ОТЧЕТНОСТ ДА ГО СЛУШНЕМЕ ГЛАСОТ НА СВОИТЕ ГРАЃАНИ, ДА ГИ ИСКОРИСТИМЕ НИВНИТЕ КАПАЦИТЕТИ И ЗАЕДНИЧКИ ДА ОДЛУЧИМЕ ЗА РЕШАВАЊЕТО НА НИВНИТЕ ПРОБЛЕМИ И ПОТРЕБИ. НИВНАТА ЛИСТА НА ПРЕПОРАКИ, ПАК, КОЈА НИ Е ДОСТАВЕНА ОД ИМЕ НА ФОРУМОТ, Е НАШИОТ ПАТОКАЗ ЗА ИДНАТА ПРОЕКЦИЈА НА ПЛАНОВИТЕ И ПРОГРАМИТЕ, СО ЦЕЛ ДА ДА ГО ПОДОБРИМЕ КВАЛИТЕТОТ НА ЖИВОТ И ДА ГИ ВКЛУЧИМЕ ГРАЃАНИТЕ СО СВОИ ИДЕИ ДА УЧЕСТВУВААТ ВО РАЗВОЈОТ И ИЗГРАДБАТА НА ГРАДОТ.

ВО ОВАА ПРИЛИКА САКАМ ДА СПОМЕНАМ УШТЕ ЕДНА КАПИТАЛНА ИНВЕСТИЦИЈА, КОЈА УСПЕАВМЕ ДА ЈА РЕАЛИЗИРАМЕ ОВАА ГОДИНА СО ПОМОШ НА ДРЖАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ. ИМЕНО КОНЕЧНО Е ПРОНАЈДЕН ИНВЕСТИТОР КОЈ ЈА КУПИ НЕКОГАШНАТА КЛАНИЦА НА АД „МАЛИНА, КОЈА ШТО СО ГОДИНИ СТОЕШЕ НЕИСКОРИСТЕНА И ПРОПАЃАШЕ. НОВ СОПСТВЕНИК Е ПАКИСТАНСКАТА КОМПАНИЈА „ЏОНСОН И ФИЛИПС АГРО.

НАЈАВЕНА Е ПОЧЕТНА ИНВЕСТИЦИЈА ОД 1,2 МИЛИОНИ ЕВРА, А ВО ПОНАТАМОШНИТЕ ФАЗИ УШТЕ 3-4 МИЛИОНИ ЕВРА, ШТО ЌЕ ЗНАЧИ ГОЛЕМ ЕКОНОМСКИ БЕНЕФИТ ЗА ЦЕЛАТА ОПШТИНА. ПОКРАЈ КЛАНИЧНИОТ ОБЈЕКТ, НОВИОТ СОПСТВЕНИК ПЛАНИРА И ИЗГРАДБА НА ПОГОНИ ЗА ПРЕРАБОТКА НА МЕСО КАКО И ПОГОН ЗА ПРЕРАБОТКА НА ЗЕЛЕНЧУК И ОВОШЈЕ, А ЌЕ БИДАТ ВРАБОТЕНИ ОД 50-100 ЛИЦА ЗАВИСНО ОД СЕЗОНСКИТЕ ПОТРЕБИ ВО АГРО БИЗНИСОТ.

РЕСТАРТИРАЊЕТО НА КЛАНИЦАТА ВЕЌЕ Е НАЈАВЕНО ЗА ПЕРИОДОТ АПРИЛ-ЈУНИ, А СОПСТВЕНИКОТ ПЛАНИРА И КООПЕРАНТСКИ ОДНОСИ СО ИНДИВИДУАЛНИТЕ ПРОИЗВОДИТЕЛИ ЗА КОИ ЌЕ ОБЕЗБЕДУВА ДОБИТОК И ХРАНА. СО ДИРЕКТНИТЕ И ИНДИРЕКТНИ ВРАБОТУВАЊА, СИГУРЕН СУМ ДЕКА ВО ОПШТИНАТА ОДНОВО ЌЕ ЗАЖИВЕЕ СТОЧАРСТВОТО, ОДНОСНО ГРАНКАТА ЗА КОЈА ИМАМЕ ОГРОМНИ КОМПАРАТИВНИ ПРЕДНОСТИ.

ПОСЕБНО САКАМ ДА НАГЛАСАМ ДЕКА ВО 2012 ГОДИНА БЕВМЕ ПОВЕЌЕ ОД УСПЕШНИ ВО ЕФЕКТУИРАЊЕТО НА ЗНАЧАЈНИ СРЕДСТВА ОД ИПА ПРОГРАМАТА ЗА ПРЕКУГРАНИЧНА СОРАБОТКА СО БУГАРИЈА, ВО ШТО ВЕЌЕ СМЕ ДОКАЖАНИ И ПОТВРДЕНИ КАКО ЛИДЕРИ ОД ПРЕТСТАВНИЦИТЕ НА ЕУ. ОД ЗАБОРАВЕНАТА И ЗАПУШТЕНА ИСПОСНИЦА НА СВЕТИ ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ ВО СЕЛОТО ГРАДЕЦ НАПРАВИВМЕ ТУРИСТИЧКА АТРАКЦИЈА, КОЈА ВО ИДНИНА ЌЕ ПРИВЛЕКУВА ГОЛЕМ БРОЈ ТУРИСТИ, ШТО ЗНАЧИ НОВ ИЗВОР НА ПРИХОДИ ЗА ОПШТИНАТА. СО ОВОЈ ПРОЕКТ, ЗА КОЈ ОБЕЗБЕДИВМЕ ОКОЛУ 237 000 ЕВРА, АСФАЛТИРАН Е ЕДЕН КИЛОМЕТАР ОД ПАТОТ, А ПРОБИЕНИ СЕ УШТЕ 950 МЕТРИ. НА САМИОТ ЛОКАЛИТЕТ ИЗВРШЕНО Е ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ, ИЗГРАДЕН Е АМФИТЕАТАР, НАСТРЕШНИЦА, ПАРКИНГ ПРОСТОР И ДРУГИ ПРИДРУЖНИ ОБЈЕКТИ.

ОКОЛУ 125 000 ЕВРА, ПАК, ДОБИЕНИ СЕ ЗА ПРОЕКТОТ „КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО-МОСТ КОН ЗАЕДНИЧКА ИДНИНА“ И НАСКОРО ВО ОБНОВЕНИТЕ ПРОСТОРИИ ВО ГРАДСКИОТ МУЗЕЈ ЌЕ БИДЕ ПОСТАВЕНА ПРВАТА АРХЕОЛОШКА ПОСТАВКА. ДЕЛ ОД ОВОЈ ПРОЕКТ Е И НОВОУРЕДЕНИОТ ПРОСТОР ЗА ОДМОР И РЕКРЕАЦИЈА И ДЕТСКОТО ИГРАЛИШТЕ, КОИ ГО ОПЛЕМЕНИЈА ПАРТЕРНОТО УРЕДУВАЊЕ ОКОЛУ ГРАДСКИОТ МУЗЕЈ И ДЕНЕС ОВОЈ ЛОКАЛИТЕТ Е ЕДЕН ОД НАЈУБАВИТЕ КАТЧИЊА КАДЕ ОДМОРААТ ГРАЃАНИТЕ И СЕ РЕКРЕИРААТ НАЈМЛАДИТЕ. НАПРАВЕН Е И ВИДЕН ЧЕКОР ВО ПРОМОЦИЈА НА САКРАЛНОТО НАСЛЕДСТВО, А СО УШТЕ ЕДЕН ЕВРОПСКИ ПРОЕКТ„ТУРИЗАМ БЕЗ ГРАНИЦИ“ ПОСТАВИВМЕ И ТУРИСТИЧКИ ИНФО ПОРТАЛИ, МРЕЖНО ПОВРЗАНИ СО СПЕЦИЈАЛИЗИРАН СОФТВЕР ЗА ПРОМОЦИЈА НА ТУРИСТИЧКИТЕ КАПАЦИТЕТИ ВО РЕГИОНОТ.

ВО КОНТЕКС НА ОВА САКАМ ДА ГО ИСТАКНАМ И НАЈНОВИОТ ПОВИК ОД ИПА ПРОГРАМАТА ОД КОЈ ГОДИНАВА ПОВТОРНО СЕ ОБЕЗБЕДЕНИ НОВИ СРЕДСТВА ОД ЕУ ЗА ИЗГРАДБА НА ВЕЛОСИПЕДСКА ПАТЕКА ПОКРАЈ КРИВА РЕКА, ОД ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД ДО СПОРТСКИОТ КОМПЛЕКС. ИЅГРАДБАТА НА ВЕЛОСИПЕДСКО РОЛЕРСКАТА ПАТЕКА Е ВО НАПРЕДНА ФАЅА И СМЕТАМ ДЕКА ЗАВИСНО ОД ВРЕМЕНСКИТЕ УСЛОВИ ВО НАЈСКОРО ВРЕМЕ ЌЕ БИДЕ ЗАВРШЕНА. СО ОВА ДОБИВАМЕ УШТЕ ЕДНА НОВА СОДРЖИНА ВО ГРАДОТ ПОГОДНА ЗА ОДМОР И РЕКРЕАЦИЈА НА ГРАЃАНИТЕ.

ГОДИНАВА ПОЧИТУВАНИ ПРИСУТНИ ЈА ЗАВРШУВАМЕ И СО УШТЕ ЕДН НОВ ПРОЕКТ, КОЈ Е ОБЕЗБЕДЕН ОД АМБАСАДОРСКИОТ ФОНД НА АМБАСАДАТА НА КРАЛСТВОТО НОРВЕШКА ВО БЕЛГРАД. НИЕ СМЕ ЕДИНСТВЕНА ОПШТИНА ОД МАКЕДОНИЈА КОЈА УСПЕА ДА ДОБИЕ ПРОЕКТ ВО ВРЕДНОСТ ОД 52 000 ЕВРА. СО ОВИЕ СРЕДСТВА ЗАПАДНОТО КРИЛО НА ГРАДСКИОТ МУЗЕЈ ЌЕ ГО УРЕДИМЕ ВО ГРАДСКА УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА, А ЌЕ РЕАЛИЗИРАМЕ И НОВИ 16 КУЛТУРНИ НАСТАНИ, СО КОИ ВИДНО ЌЕ СЕ ЗБОГАТИ КУЛТУРНОТО ГРАДСКО ЖИВЕЕЊЕ. СО ОВОЈ ПРОЕКТ НЕКОГАШНИОТ ДОМ НА АРМ КАКО ЦЕЛИНА ДОБИВА ФИНАЛНА КУЛТУРНА СОДРЖИНА.

ОВДЕКА УШТЕ БИ СПОМЕНАЛ ДЕКА ОВАА ГОДИНА ЗАВРШИВМЕ И СО РЕНОВИРАЊЕТО НА КРИЛОТО „В„ ВО ДОМОТ ЗА УЧЕНИЦИ „БОРО МЕНКОВ“, КОЈ СО РЕНОВИРАЊЕТО СТАНА СОВРЕМЕНА УСТАНОВА СО ОДЛИЧНИ УСЛОВИ ЗА ПРЕСТОЈ НА УЧЕНИЦИТЕ. ВО НЕГО СЕ ИНВЕСТИРАНИ 2,5 МИЛИОНИ ДЕНАРИ, КОИ ГИ ОБЕЗБЕДИВМЕ ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗВАНИЕ И НАУКА. НИВНА ПОДРШКА Е НАЈАВЕНА И ЗА ИЗГРАДБАТА НА СПОРТСКАТА САЛА ВО ОУ„ЈОАКИМ КРЧОВСКИ“ КАКО И ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА САНИТАРНИТЕ ЈАЗЛИ ВО ГИМНАЗИЈАТА „ЃОРЧЕ ПЕТРОВ“ И ОУ„ИЛИНДЕН“.

ОВАА ГОДИНА ЗАПОЧНАВМЕ И СО ИЗГРАДБА НА ГРАДСКА КАПЕЛА, ШТО БЕШЕ НА БАРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ.

ИСТО ТАКА ВО ИЗМИНАТАТА ГОДИНА ПРОДОЛЖИВМЕ И СО САНАЦИЈА НА ОШТЕТЕНИ ЈАВНИ ОБЈЕКТИ ВО ГРАДОТ КАКО И ПОТПОРНИ СТЕНИ, ОДНОСНО ОД СОПСТВЕНИ БУЏЕТСКИ СРЕДСТВА НАПРАВИВМЕ НАД 300 МЕТРИ ДОЛЖНИ ПОТПОРНИ СТЕНИ ВО КОИ ВГРАДИВМЕ НАД 320МЕТРИ КУБНИ МАТЕРИЈАЛ.

ИМАВМЕ АКТИВНОСТИ И ИНВЕСТИЦИИ И ВО ОБЛАСТА НА ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ, РЕШАВАЊЕ НА ЈАВНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО ПОТЕГОТ ОД ПОРАНЕШНАТА ФАБРИКА КАРПОШ ДО ВЛЕЗОТ ВО КРИВА ПАЛАНКА КАКО И ОД ОСИЧКИ МОСТ ДО БЕНЗИНСКАТА ПУМПА МОДЕРНА.

ВО ОДНОС НА КУЛТУРНИТЕ СЛУЧУВАЊА ЌЕ КАЖАМ ДЕКА И ОВАА ГОДИНА КАКО И ПРЕТХОДНИТЕ ТРИ ИМАВМЕ МНОГУ КУЛТУРНИ НАСТАНИ КОИ БЕА МАСОВНО ПОСЕТЕНИ ОД НАШИТЕ СОГРАЃАНИ, А ВО ИНТЕРЕС НА ВРЕМЕТО НЕ БИ ГИ НАБРОЈУВАЛ И ЕЛАБОРИРАЛ.

ПОЧИТУВАНИ СОВЕТНИЦИ - СМЕТАМ, ДЕКА И ДОСЕГА КАЖАНОТО Е ДОВОЛНО ЗА ДА СЕ ПОТВРДИ ДЕКА КРИВА ПАЛАНКА ГОДИНАВА НАВИСТИНА БЕШЕ УСПЕШНА ОПШТИНА. ОНА ШТО СМЕТАМ ДЕКА ТРЕБА ДА ГО ИСТАКНАМ ВО ОВОЈ МОМЕНТ Е ТОА ДА КОГА ЈА ПРЕЗЕДОВ ФУНКЦИЈАТА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНСКАТА КАСА БЕШЕ ВО МИНУС ОКОЛУ 39.000.000,00ДЕНАРИ, СЕГА СО ПОСЛЕДНИТЕ ПРЕСМЕТКИ ОВОЈ ДОЛГ НЕ САМО ШТО НЕ Е ЗГОЛЕМЕН ТУКУ Е И НАМАЛЕН ЗА ОКОЛУ 10.000.000,00ДЕНАРИ ШТО ИСТО ТАКА ГО СМЕТАМ ЗА УСПЕХ.

ВО НАРЕДНАТА ГОДИНА ЌЕ ПРОДОЛЖИМЕ СО ИСТОТО, ДУРИ И ПОЗАСИЛЕНО ТЕМПО, ЗА ДА ГИ РЕАЛИЗИРАМЕ ЗАПОЧНАТИТЕ КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ ЗА КОИ Е НЕОПХОДЕН ПОДОЛГ ПЕРИОД, НО И ДА ЕФЕКТУИРАМЕ НОВИ ИНВЕСТИЦИИ, ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ. ПОГОЛЕМ ДЕЛ ОД ПЛАНОВИТЕ И ПРОГРАМИТЕ ВЕЌЕ СЕ ДОНЕСЕНИ И УСВОЕНИ ОД СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА, НО СЕКАКО ВО 2013 ГОДИНА ЌЕ СЛЕДУВА НИВНА ОПЕРАЦИОНАЛИЗАЦИЈА, НАДОПОЛНУВАЊЕ И СЕ НАДЕВАМ УШТЕ ПОГОЛЕМ ПРОЦЕНТ НА УСПЕШНОСТ.

ПОЧИТУВАНИ,

НА КРАЈОТ БИ САКАЛ ДА ВИ СЕ ЗАБЛАГОДАРАМ НА СИТЕ, КОИ ДАДОВТЕ СВОЈ ПРИДОНЕС ОВАА ГОДИНА ДА СРАБОТИМЕ ТОЛКУ МНОГУ ОД ПРЕДВИДЕНИТЕ ОПШТИНСКИ ПРОЕКЦИИ, БИЛО СО СВОЕТО ДИРЕКТНО УЧЕСТВО ВО НИВНАТА РЕАЛИЗАЦИЈА, БИЛО СО ДОБРОНАМЕРНИТЕ КРИТИКИ, БИЛО СО ОБЕЗБЕДЕНАТА ПОДРШКА ОД ВАША СТРАНА. КАКО ГРАДОНАЧАЛНИК НА ВАС И НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА ВИ ИСКАЖУВАМ ОГРОМНА БЛАГОДАРНОСТ ШТО БЕВТЕ ДЕЛ ОД ТИМОТ КОЈ НАСТОЈУВАШЕ ДА РАБОТИ ВО ИНТЕРЕС НА СИТЕ ГРАЃАНИ. СЕ НАДЕВАМ ДЕКА ЌЕ ПРОДОЛЖИМЕ ЗАЕДНИЧКИ ДА ЈА ГРАДИМЕ ЕВРОПСКАТА ПЕРСПЕКТИВА НА ЕКОНОМСКИ СТАБИЛНА И НЕЗАВИСНА ОПШТИНА, СО ТРАНСПАРЕНТНА И ОДГОВОРНА ВЛАСТ, СО СРЕЌНИ И ЗАДОВОЛНИ ГРАЃАНИ.

НА СИТЕ ВИ ГИ ЧЕСТИТАМ НОВОГОДИШНИТЕ И БОЖИЌНИ ПРАЗНИЦИ, СО ЖЕЛБА ЗА ДОБРО ЗДРАВЈЕ, СРЕЌА, БЕРИЌЕТ И БЛАГОСОСТОЈБА, ИСПОЛНЕТИ СО ДОБРА МИСЛА И ВЕРБА ВО СЕБЕ.

НЕКА ВИ Е СРЕЌНА НОВАТА 2013 ГОДИНА И НЕКА ВИ СЕ ЧЕСТИТИ ПРЕСТОЈНИТЕ БОЖИЌНИ ПРАЗНИЦИ.

ВИ БЛАГОДАРАМ.